| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Детски игри |
| **Содржина на денот** | „Пронајди го предметот“- музичка игра |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Анета Штербинска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Утринско поздравување и вежби за растегнување на мускулатурата на телото. |
| **Активности** | Со креди во боја во дворот, паркот и сл. нацртајте круг каде би застанало детето. Возрасниот држи еден инструмент во рака и ја демонстрира играта, појаснувајќи ги правилата на самата игра. Детето со марама ги прикрива очите и не гледа кога возрасниот го крие предметот. Потоа започнува со барање на скриениот предмет слушајќи го звукот на инструментот или предметот што испушта било каков звук. Кога детето се наоѓа далеку од скриениот предмет со инструментот се тропа полека и потивко, а кога детето ќе се наближи до скриениот предмет почнувате да тропате побрзо и погласно давајќи му знак дека скриениот предмет е некаде во негова близина. Откако ќе го најде предметот се заменувате со своите места, Вие застанувате во средина на кругот, а детето надвор од него. Играта трае додека детето пројавува интерес за истата. |